Математички Билтен ISSN 0351–336X
29 (LV)
2005 (105–106)
Скопје, Македонија



In memoriam

# Бранко Л. Трпеновски
# (1934–2005)

На 25.V 2005 година почина д-р Бранко Трпеновски, редовен професор на Електротехничкиот и Машинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и поранешен ректор на овој Универзитет.

Роден е во Охрид, во 1934 година, каде што завршува основно училиште и гимназија. Дипломира во 1957 година на Филозофскиот факултет во Скопје, на Групата математика, во 1964 година ја одбранува докторската дисертација "Прилог кон теоријата на $n$-полугрупите"на Природословно-математичкиот факултет во Загреб, а во наредната година е избран за доцент по математика на Електротехничкиот оддел на Техничкиот факултет во Скопје. Во учебната 1966/67 година престојува на едногодишна постдок-

торска специјализација на Универзитетот во Лондон, во 1970 година е избран за вонреден професор, а од 1974 година е редовен професор на Електро-машинскиот факултет во Скопје.

Во периодот 1971-1973 год. ја извршува функцијата декан на Електро-машинскиот факултет, од 1976 до 1980 во два мандата е ректор на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, а од 1985 до 1989 е извонреден и ополномоштен амбасадор на СФРЈ во Бразил. За време на престојот во Бразил, во 1987 година, е промовиран за почесен член на Федералниот Универзитет во Маранјон, Сан Луис, Бразил. По враќањето од Бразил, од 1990 година до своето пензионирање во 1999 година е професор на Машинскиот факултет.

Во својот работен век имал повеќе функции и извршувал голем број одговорни задачи, при што го давал својот максимален придонес.

Професорот Трпеновски има богата научна активност од областа на апстрактната алгебра, каде што има дадено оригинални придонеси во неколку дисциплини, а пред сè, во: полугрупите, проективните рамнини и универзалната алгебра. Тие резултати се публикувани во триесетина статии, забележани во математичката јавност: реферирани се во познатите реферативни журнали по математика, цитирани се во трудови на повеќе автори во Југославија и странство, а дел од нив се цитирани во познати монографии од областа на алгебрата. Тој е автор или коавтор на петнаесетина учебници по математика за студентите (додипломци или постдипломци) од техничките факултети и Природно-математичкиот факултет, како и за учениции од средните училишта.

Професорот Трпеновски ќе остане меѓу нас запомнат по многу нешта: по неговата наставна работа како извонреден предавач и педагог, по неговите широки познавања и искуство што несебично ги пренесуваше на своите помлади колеги, по придонесот во развојот на алгебрата и математиката општо во Земјава, по воведувањето нови математички дисциплини во нашата универзитетска средина, како што се веројатноста и математичката статистика, по оптимизмот и ентузијазмот што зрачеше од него во секој колектив во кој реботеше. Неговото дело ќе биде трајно научно и образовно наследство за нас и за нашите идни генерации.

Наум Целакоски